# СОДРЖИНА НА КНИГАТА


## ЗА ДОБРОДЕТЕЛТА НА ТРПЕНИЕТО

ПРИЧИНИ ЗА НЕВОЛЈИТЕ И ЖАЛОСТИТЕ
САМОВОЛНИ СТРАДАНИЈА
ЦЕЛИСХОДНОСТА НА МАКИТЕ
КАКО ХРИСТИЈАНИТЕ ТРЕБА ДА ГИ
ПРИМААТ СТРАДАЊАТА И ЖАЛОСТИТЕ

## ЗА ДОБРОДЕТЕЛТА НА СМИРЕНИЕТО

СМИРЕНИЕТО – БЕДА НА ДУХОТ
СУШТИНА НА СМИРЕНИЕТО
ЗНАЦИ НА СМИРЕНИЕ
СМИРЕНОМУДРИЕТО И ПАТИШТАТА
ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА СМИРЕНИЕ
СМИРЕНИЕТО НА СВЕТИТЕ
ЗА КРОТКОСТА
ОТСУСТВО НА СМИРЕНИЕ - ГОРДОСТ
БЛАГОСТА И ЉУБОВТА КОН НЕПРИЈАТЕЛИТЕ
ВЕЛИКОДУШНОСТ И СЕОПРОСТУВАЊЕ
МИРОТ ВО ДУШАТА.
КОРЕНИ НА МИРОТ И ПАТИШТАТА КОН НЕГО
УШТЕ ЗА ПАТИШТАТА КОН МИРОТ

## ПАТИШТА КОН СТЕКНУВАЊЕ НА СМИРЕНИЕ

*Митрополит Владимир (Богојавленски), свештеномаченик*
ЗА СВОЈСТВАТА И СУШТИНАТА НА СМИРЕНИЕТО ....... 87

*С. Лавров*
КАКО ДА СЕ СМИРУВАМЕ

*Св. Игнатиј Брјанчанинов*
НА КОЈ НАЧИН ОД СМИРЕНОМУДРИЕТО
СЕ РАЃА СМИРЕНИЕ
ЗА ТРПЕНИЕТО

*Преподобен авва Доротеј*

**ЗА ТОА, ДЕКА ТРЕБА ДА СЕ ПРЕКОРУВАМЕ СЕБЕСИ, А НЕ БЛИЖНИОТ**

**ЗА ЗЛОПАМТЕЊЕТО**

*Преподобен Пајсиј Величковски*

**СЛОВО ЗА ТОА, ДЕКА ТРЕБА ДА ИСТРПИМЕ ЛАЖНИ КЛЕВЕТИ И СЕКАКВО ПРЕКОРУВАЊЕ И НАВРЕДИ**

**СЛОВО ЗА ТОА КАКО ДА СЕ ТРПАТ МАКИТЕ**

**ЗА СОВРШЕНАТА ЉУБОВ**

*Преподобен Нил Сорски*

**ПРОТИВ СТРАСТА НА ГНЕВОТ**

*(од „Уставот за скитски живот“)*

*Како преподобниот Нил нè учи да го победиме гневот?*

*Како ја објаснува преподобниот Нил богопротивноста на гневот*

*Во што се состои победата над гневниот дух?*

**ПРОТИВ ПОМИСЛИТЕ НА ГОРДОСТ**

*Како говори преподобниот Нил за презирот и гордоста?*

*Како го објаснува преподобниот Нил проклетството и погубноста на горделивите помисли?*

*На оној што сака да се научи на смирение и на сета божествена наука, какви поуки му дава преподобниот Нил?*

*Кого го наведува преподобниот Нил како пример за обука во смирение?*

*На какво оружје против гордоста укажува преподобниот Нил?*

*Злосторството и разумноста на гордоста, немаат ли особени степени?*

*Свети Теофан Затворник*

**ЗА САМОПРЕЦЕНУВАЊЕТО**

**ОЧИСТУВАЊЕ НА СРЦЕТО ОД СТРАСТИТЕ – "ИСЦЕЛИТЕЛНА КАЛ"**

*„Ниту, пак, да му давате место на ѓаволот“(Ефес. 4,27)*

*Вие прашувате - Да се говори ли со другите за духовниот живот?*

*Преп. Амвросиј Оптински*

## ИЗБРАНИ ИЗРЕКИ

*Свети Игнатиј Брнјанчанинов*

## ПИСМА

*Кон монахот, кој трпел навреди во општежитието,*
*мислејќи дека тие го спречуваат неговото напредување,*
*и поради тоа посакувајќи длабока осаменост*
*Кон монасите: за љубовта кон непријателите, и за искушенијата*
*Кон братот, кој е изложен на душевна вознемиреност од*
*обвинувањата на ближните. За обвинувањата на самиот*
*себеси и штетата од предвремениот мир.*
*Бог нè воспитува преку маките*
*Маките го воспитуваат смирението*
*Маките ја лечат душата и нè приближуваат кон Бога*
*За неопходноста од спасување преку маки и искушенија*

*Преподобен Јован Лествичник*

## ЗА НЕГНЕВЛИВОСТА И НЕЧУВСТВИТЕЛНОСТА КОН НАВРЕДИТЕ

*Свети Игнатиј Брнјанчанинов*

## ОД ОТЕЧНИКОТ

*Волшебниот појас*
*Смирението на братот*
*Двајцата старци*

*Свети Игнатиј Брнјанчанинов*

## МОЛИТВА НА ПРОГОНУВАНИОТ ЧОВЕК

*Чудесниот живот и маките на преподобниот Дула,*
*египетскиот маченик (споменот се слави на15/28 јуни)*

***Изводоци од книгата:***

Некој старец живеел во манастир на крајот од градот Александрија. Тој бил многу раздразлив и малодушен. Некој млад монах, многу слушајќи за него, се заколнал пред Бога, со зборовите: „Господи, за секое зло, што сум го направил ќе отидам и ќе живеам со тој старец,

трпејќи од него сè и ќе му служам како роб“. Така тој и постапил: отишол кај старецот и почнал да живее со него. Старецот постапувал со него како со куче, секојдневно изживувајќи се над него.

Бог го забележал трпението на братот. После шест години живеење со старецот, монахот видел во сон некој страшен човек со голем свиток во раката. Тој што му се јавил во сонот му кажал дека половината од напишаното на свитокот е избришано, и додал: „Еве, половината од твојот долг е избришан од страна на Владиката! Погрижи се и за другата половина“.

Во нивното соседство живеел некој друг старец, кој бил духовно просветлен, и секогаш слушал како беснее оној старец и го навредува братот, како братот му се поклонува пред нозете, а старецот сепак не му простува. Сретнувајќи го младиот монах, духовно просветлениот старец му говорел: „Како е чедо? Како помина денеска? Прибра ли нешто? Избриша ли нешто од списокот?“ Братот знаел дека старецот е духовно просветлен и не ги криел од него своите тајни, па му одговарал: „Да, отец, денеска ние малку се потрудивме“. Кога пак денот му поминувал спокојно, без да биде ниту искаран, ниту исплукан, ниту истепан, ниту избркан, тогаш тој навечер одел кај духовниот старец, плачел и му кажувал: „Ах, авво! Денешниот ден беше бескорисен: ништо не прибравме, го минавме денот спокојно“.

По шест години братот починал. Потоа духовно просветлениот старец раскажувал дека тој го видел братот, кој стоел пред Бога во лик на маченик и со голема смелост го молел Бога за старецот со кого што живеел: „Господи! Како што Ти мене ме помилува со негова помош, така помилувај го и него по благоста Твоја и поради мене, Твојот слуга“.

После поминати четириесет дена братот го земал кај себе и старецот во местото на упокоените. Ете каква смелост имаат пред Бога оние кои трпат маки заради Него.

*(Св. Игнатиј Брнјанчанинов – од „Отечник“)*

† † †

После гревопадот, животот на човекот се оптоварува со труд, болести и страдања. И поради тоа, добродетелта на трпението се јавува како совршено неопходна за христијанинот, ако под совршено трпение подразбираме доброволно и добродушно поднесување на маките и страданијата.

Постојат повеќе причини, поради кои ни се испраќаат маки и неволји. При ова, никогаш не треба да мислиме дека испратените маки, несреќи и неволји доаѓаат од луѓето: сите крстови доаѓаат од Господ Бог, Кој е бескрајно Милостив, но и бесскрајно Премудар.

† † †

„Нема мака – нема ни спасение“, - зборувал преподобен Серафим. А преподобен Симеон Нов Богослов поучува: „Како што облеката, измачкана со кал и целата осквернавена од било каква нечистотија, не може да се исчисти, ако не ја перeме во вода и не ја испираме долго, така и душевната риза, осквернавена со тиња и гној од грешните страсти, никако не може да се испере, освен со многу солзи и поднесувања на искушенија и маки“.

Според зборовите на свети Јован Златоуст, за христијанинот постојат три начини на спасение: а) да не се греши, б) согрешувајќи (по гревопадот), да се кае, в) оној што лошо се кае, ќе трпи маки, кои ќе му дојдат. А кој може да каже дека тој човек се кае доволно усрдно?

Оттука произлегува дека патот за избавување од страдања за своите гревови – е покајанието. Силата на покајанието треба да биде сразмерна на степенот на гревот.

Покајанието, како спонтано страдање на самољубието при исповедта, помирува со Бога и го симнува неспонтаното страдање. Ако отсуствува доволното осознавање на гревот, ќе нема сили да се активира доволно длабоко каење, тогаш треба со смиреност да се прифатат испратените страдања и да се благодари за нив како за милост, како знак за Божја грижа за нас.

Старецот Варсонуфиј Оптински зборувал: „Непрестајните маки, кои Бог ги испраќа на човекот, се знак за особено Божјо промислување за човекот".

Ете затоа страдањата и несреќите, духовно просветлените луѓе ги нарекуваат „Божја посета". А во спокојниот живот на грешникот тие гледаат Богооставеност, поради која нему му се заканува страшна судбина во задгробниот живот.

Колку често страдалните души го молат Господа за прекратување на нивните маки. Но, дали за тоа треба да се молиме? Зарем не е животот во грев основа за страданието? А ако тој грев се отстрани со искрено покајание, тогаш би се отстранило и страдањето.

† † †

Каква и да е причината за испратените на нас страдања, сите тие непроменето ни служат за полза: за спасение на нашата душа, за простување на нашите гревови, а на безгрешниот христијанин – за маченички венец во Царството Небесно.

Како што зборуваат старците Варсонуфиј Велики и Јован: „Сето она што се случува со човекот, служи за искушување и негово спасение, за да може тој да истрпи сè и во сè да се прекорува, како недостоен".

Да се потсетиме на сите светии и да се сетиме, колку тие трпеле, правејќи добро; тие биле мразени и навредувани од луѓето се до нивната смрт. Засакај ги маките во сè, за да можеш да бидеш син на светиите, и ако бидеш ти во маки, или тешкотии, или угнетуван, или во болести и страданија телесни, за сè што тебе те снашло, благодари Му на Бога.

Еве како пишува преподобен Исаак Сириски: „Не благоволил Бог неговите возљубени да бидат успокоени додека се наоѓаат во тело, но повеќе сакал, тие додека се на овој свет, да живеат во маки, во тескоби, во тешкотии, во сиромаштија, во осаменост, во болести, во навреди, со скрушено срце, во измачено тело".

Господ знае дека оние, кои живеат во телесен мир и спокојство, не можат да пребиваат во Неговата љубов.

† † †

Наша работа – е да ги поднесуваме крстовите со љубов, со детска смиреност и христијанско трпение, а не да ги мериме или да ги споредуваме со туѓите страдања, и да не се жалиме за недостатоци или лишување од нешто, туку треба самите себе да се бодриме и да се зацврстиме, за да можеме, кога ќе изнемоштиме, да ја дочекаме заслужената награда.

Поради тоа, ако трпиш маки без своја вина, благодари му на Бога. Во Зборот „без своја вина" има силно лекарство против макатa".

Како што говори св. Игнатиј Брјанчанинов: „Вежбањето во самопрекорувањето води во навика на укорување на себеси. Кога на тој, кој ја постигнал навиката, и му се случи некоја мака, моментално ќе се активира дејството на укор и маката тој ќе ја трпи како заслужена".

А еве како пишува св. Теофан Затворник: „За секоја непријатност благодари Му на Бога помнејќи, дека таа ти е испратена за твое добро".

„Главната причина за секоја вознемиреност и возмутување, - говори преподобен авва Доротеј, – ако ние се потрудиме внимателно да го испитаме ова – е тоа, што ние самите себеси не се прекоруваме. Оттука и произлегува секаквото растројство: поради таа причина ние никогаш не го пронаоѓаме спокојството“.

„Укорувајќи се себеси, каде и да појде, - рекол св. Пимен Велики, - и што и да се случи со него: штета или бесчестие, или некоја мака, човекот веќе предвремено се смета себеси за достоен за секоја непријатност и никогаш не се збунува. Може ли да биде нешто поспокојно од таа состојба?“

Тука, покрај тоа, треба да се забележи дека прекорувањето на себеси треба да биде само за гревовите, но не за било какви секојдневни грешки или неуспеси, кои можат да ги предизвикаат овие или оние несреќи.

† † †

Кон еден старец пришол негов ученик и со голема радост му соопштил: „Оче, јас го постигнав тоа, кога се молам, тогаш со мислените очи секогаш да го гледам Господа пред себе“.

„Не е големо твоето постигнување и напразно така се радуваш, - му одговорил старецот, - еве, кога би можел да си ги видиш своите гревови, е тогаш тоа за тебе би било големо достигнување“.

Тоа истото го тврделе повеќето од големите светии. Така свети Антониј Велики зборувал: „ Малото дело – прави чудеса, малото дело ги гледа ангелите, големото дело – ги гледа своите сопствени гревови “.

Еден египетски монах му кажал на преподобен Сисој Велики: „Гледам, дека во мене живее постојаното созерцание за Бога. Преподобниот му одговорил: „Тоа е мала работа, што твоите мисли се кај Бога, голема работа е да се видиш себеси поништожен од сите твари“.

За ова говори и преподобниот Варсонуфиј Велики: „Блажен си брате, ако навистина чувствуваш, дека имаш гревови, бидејќи кој ги чувствува, тој се гади од нив и на секој начи се труди да ги отфрли од себе“.

А преподобниот Исак Сирин пишува: „Тој што го почувствувал својот грев е над оној, кој со својата молитва воскреснува починати“.

† † †

Сите Свети Отци го почитуваат смирението како основа на секоја добродетел. При присуство на смирение во душата лесно се развиваат сите други добродетели. Но кога нема смирение, тогаш добродетелта престанува да биде добродетел, а светоста преминува во прелест; тогаш делата на милосрдието, подвигот на постот, умртвувањето на телото и тн., сето тоа се врши поради суета и сл.

Суштината на гордоста е – да се затвориш за Бога, а суштината на смирението – да му дадеш на Бога да живее во тебе“.

Покрај ова, како што пишува преподобен Исак Сирин: „Смирението и без подвиг повеќето прегрешенија ќе направи да бидат простени. Спротивно на ова, без смирението и подвизите се бескорисни, дури доведуваат и до многу лош исход. Со смирението направи ги твоите гревови да бидат простени. Какво што е и значењето на солта за секое јадење, такво е и значењето на смирението за секоја добродетел, тоа може да ја скрши тврдината на многу гревови. Кон смирението треба непрестано да се стремиме. И ако успееме да го стекнеме смирението, тогаш тоа

ќе нè направи Божји синови и без добри дела ќе не престави пред Бога, затоа што без смирение – залудни се сите наши дела, секакви добродетели и секакви дејствија“.

За ова во историјата на црквата го има следниот расказ: една христијанка се нашла на пуст остров и таму поминала четириесет години во подвиг, молитва, пост и секакво лишување. Еден ден дошол кораб до островот и така таа се вратила на копното. Сретнувајќи еден старец таа му раскажала за својот пустински живот. Кога таа завршила со раскажувањето за себеси, старецот ја прашал: „А, можеш ли ти да примиш навреди и други непријатни работи?“ - „Не оче“, одговорила збунето подвижницата. „Тогаш, ти ништо не си стекнала за сите 40 години на твоите подвизи“. „Смирението и самото може да ве внесе во царството Божјо, макар и да е внесувањето позабавено“ пишува преподобен авва Доротеј.

† † †

Преподобен Варсонуфиј Велики и Јован велат: „Љуби ги особено оние кои што те искушуваат: ако мисловно се задлабочиш во нив ќе откриеш дека всушност тие те доведуваат до успех“.

А преподобен Никодим Светогорец пишува: „Засакај да слушаш Божествени слова, свети песни и пслами и сè што е чесно, свето и премудро и корисно за душата. Но особено засакај да ги слушаш карањето и прекорите, кога некој ги упатува кон тебе“.

Поради тоа ќе бегаме, ќе се плашиме и ќе вртиме грб на оние кои нè фалат, ласкаат и почитуваат, и наместо тоа да се трудиме да ја имитираме онаа мудра жена за која се раскажува во житиего на Св. Атанасиј Велики.

Кај него дошла некоја уважена граѓанка од градот Александрија и му се обратила со следната молба. Таа сакала да земе да издржува некоја немоќна старица, од оние старици кои светителот веќе ги издржувал.

Св. Атанасиј ја благословил нејзината намера и ѝ рекол на управителката на сиротиштето да избере старица со кротка и мирна нарав.

По извесно време добротворката повторно дошла кај светителот. „Задоволна ли си со таа старица која што ти ја дадовме на издршка?“ Ја прашал светителот.

„Не Владико, - отворено одговорила жената, - јас имав намера целосно духовно да ја смирувам старицата, а таа самата себеси се смирува“.

„Тогаш ќе ти испратам друга“, одговорил светителот, разбирајќи ги високите духовни барања на молителката.

И ѝ рекол на управителката да ѝ најде некоја зајадлива и лоша по нарав старица од нејзиното сиротиште и да ја испрати кај таа жена.

Таа жена понекогаш ја тепала својата добротворка. „Задоволна ли си сега со својата старица“ повторно ја прашал Св. Атанасиј по извесно време. „Да, Владико, многу сум задоволна, јас добивам од неа голема духовна корист“.

И ние така да ги бараме оние кои би ни помогнале да се смириме и да ја искорениме нашата гордост.

† † †

Сите светии секогаш искажувале кротост кон луѓето. При однесувањето со луѓето, ни тие, како и Христос, не покажувале ни најмала сенка на духовно насилство. Тие внимателно се

однесувале кон слободната волја на човекот и не сакале да ја менуваат дури и тогаш, кога тоа би било повеќе корисно за човекот. Тие очекувале слободно и добро решение во човековото срце, и само тоа е ценето во очите на Бога: *„Милост сакам, а не жртва“* (Мат. 9, 13).

Во кроткоста е целата длабочина на разликата во управувањето на светот од Бога (преку Господ Исус Христос) и световните власти.

Световните власти владеат и со сила ги приморуваат луѓето да им се потчинуваат. Господ очекува доброволно, љубовно потчинување на човечката волја на Себе, и пројавува долготрпение и кроткост, која се карактеризира со нежност во однесувањето со човечката волја, без ни најмала сенка на принуда.

† † †

Старецот Варсонуфиј Оптински зборувал: „Непрестајните маки, кои Боги ги испраќа на човекот, се знак за особено Божјо промислување за човекот“.

Ете затоа, страдањата и несреќите духовно просветлените луѓе ги нарекуваат „Божја посета“. А во спокојниот живот на грешникот тие гледаат Богооставеност, поради која нему му се заканува страшна судбина во задгробниот живот.

Преподобен Антониј Велики пишува: **„Никој без искушенија не може да влезе во Царството Небесно; ако нема искушенија, никој и не би се спасил“.**

На една монахиња, кога еднаш се жалела дека ја караат, старец Амвросиј Оптински ѝ зборувал: **„Кој нè укорува, тој ни подарува; а кој нè пофалува, тој нè краде“.**